# „Не носете свила и брокат, не пијте од златни и сребрени садови и не јадете од таквите чинии, бидејќи тие се за нив (немуслиманите) на овој свет, а за нас на идниот свет.“

Од Абдурахман бин ебу Лејла се пренесува дека биле кај Хузејфе, па тој побарал вода. Еден меџусија му донел вода, но кога ја зеде чашата во раката, Хузејфе ја фрли и рече: „Да не сум го предупредил повеќепати, немаше да постапам вака.“ Ова го направил бидејќи слушнал од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Не носете свила и брокат, не пијте од златни и сребрени садови и не јадете од таквите чинии, бидејќи тие се за нив (немуслиманите) на овој свет, а за нас на идниот свет.“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им забранил на мажите да носат свила во која било форма. Исто така, им забранил и на мажите и на жените да јадат или да пијат од златни и сребрени садови. Тој објаснил дека тие ќе бидат посебна награда за верниците на Судниот ден, бидејќи на овој свет ги избегнувале од покорност кон Аллах. Што се однесува до неверниците, тие нема да имаат удел во нив на Ахиретот, бидејќи своите наслади ги искористиле во овој свет прекршувајќи ги Божјите наредби.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee